Врз основа на Законот за управување со отпадот ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/21 и 3/25), Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.176/21 и 73/24), Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.176/21 и 3/25), член 13 од Закон за изменување и полонување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со ствари во општинска сопственост (Службен Весник на Република Северна Македониај бр.193/2025 од 19.09.2025 година, а во согласност со член 2 точка 10 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), врз основа на Одлука за констатиран вишок, кусок и расход на средства во Државното првобранителство на Република Северна Македонија за 2025 година број 02-1100/4, Државното правобранителство на Република Северна Македонија објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК

за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

1.Предмет на огласот е собирање и транспортирање на отпаден материјал кој се наоѓа во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, согласно Листата на отпаден материјал (табела), која може да се преземе заедно со Пријавата од веб-страницата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија https://dprsm.gov.mk

2.Право на учество имаат сите правни и физички лица што ќе достават понуди најдоцна до денот и часот на јавното отворање и кои поседуваат:

- Способност за вршење на професионална дејност: - документ за регистрирана дејност;
- Тековна состојба (не постара од 6 месеци);
- Важечка дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад издадена од надлежен орган и доказ за техничка и професионална способност,
- Изјава дека располага со соодветни транспортни средства за извршување на предметот на јавниот повик и
- Изјава за непречено извршување на услугата ќе има на располагање во секое време доволен број на лица за извршување на услугата предмет на јавниот повик, согласно Законот за управување со отпадот ( "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.216/2021), Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема ( "Службен весник на Република Северна Македонија бр.176/2021) и Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори ( "Службен весник на